**ДО**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА**
**ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА**
**КРИСТАЛ 1923 АД**
**(За членовите)**

ПРЕДМЕТ: Иницијатива за измена на Статут бр. 01-241 од ден 24.06.2020 година-пречистен текст на друштвото;

Почитувани Членови на Одборот на директори,

Повод за оваа иницијатива е пред се потребата од допрецизирање на одредбата содржана во чл.13 од статутот во која се говори за предметот на работење на друштвото, а особено внесување на назнаката ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС и нејзино впишување на надлежниот трговски регистар, со оглед дека оваква назнака своевремено не била запишана во регистарот на име на друштвото кога се вршело негово усогласување со законот за трговските друштва, а која сега претставува пречка за добивање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со моќност од 360 KW од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ која покрај другите документи бара да и се достави и тековна состојба за друштвото од ЦР на РСМ со регистрирана општа клаузула за бизнис.

Па како оваква клаузула друштвото нема запишано во надлежниот трговски регистар, а посоченото регулаторно тело ја бара истата со оглед дека претежна дејност на друштвото е производство на масти и масла, и нема соодветна регистрација дека друштвото може да ги врши и сите други дејности кои се дозволени согласно со Националната класификација на дејности во која несомнено спаѓа и производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија како што се фотонапонските централи, Одборот на директори смета дека е нужно потребно е да се донесе предлог одлука од овој орган со која ќе се промени чл.13 од посочениот статут и таквата предлог одлука потоа да се достави на акционерското собрание на друштвото кое како највисок орган на друштвото е надлежно да ја разгледа таквата предлог одлука и да ја потврди со своја одлука, за да потоа истата се спроведе во надлежниот трговски регистар и да се добие ажурирана тековна состојба на друштвото со регистрирана општа клаузула за бизнис.

Прилог: Известување за непотполно барање од РКЕВУ на РСМ, во копие.

Во Велес на ден 17.10.2022 година.

Претседател на одбор на директори
Румен Смилевски